# МАКЕДОНИЈА

Уставот и Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група од 2007 година предвидуваат слобода на вероисповед, а другите закони и политики исто така придонесоа кон генерално слободното манифестирање на верата.

Владата генерално ја почитуваше слободата на вероисповед во праксата. Сепак, отсаството на ефективно спроведување на делот на одредбите од Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група кои се однесуваат на регистрацијата на црква, верска заедница и религиозна група силно им ја попречи на барателите на регистрација можноста да се стекнат правен статус.
Имаше само мал број извештаи за општествени злоупотреби или дискриминација, засновани на верска припадност, убедување или манифестирање на верата.

Владата на САД разговара за прашањето на верските слободи со Владата на Македонија, како дел од нејзината вкупна политика за унапредување на човековите права. За време на периодот на кој се однесува овој Извештај, службеници од Амбасадата на САД се залагаа за делотворна и фер примена на одредбите од Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група кои се однесуваат на регистрација на црква, верска заедница и религиозна група.

## Дел I. Демографска слика од аспект на религиите

Македонија зафаќа површина од 25,330 квадратни километри и брои 2,1 милиони жители. Двете главни религии во државата се православното христијанство и исламот. Отприлика 65% од населението се православни Македонци, а 32% се со муслиманска вероисповед. Други присутни верски групи се римокатолиците, различни протестантски групи и Евреите.

Постои една општа корелација помеѓу етничката и верската припадност, имено мнозинството православни верници се етнички Македонци, додека мнозинството муслимански верници се етнички Албанци.

Дел II. Состојба со почитувањето на верските слободи од страна на Владата

## Законска регулатива и политики

Уставот и Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група од 2007 година овозможуваат слобода на вероисповед, а другите закони и политики исто така придонесоа кон генерално слободното манифестирање на верата. Законот на сите нивоа го штити во целост ова право од злоупотреби, било од страна на Владата било од приватни субјекти.

Овој закон, донесен во 2007 година, влезе во сила во мај 2008 година и го либерализираше режимот за регистрација на религиозни групи, овозможувајќи регистрација на повеќе од една група од секоја религиозна вероисповест.

Не постои официјална државна религија, но во еден од амандманите на Уставот од 2001 година конкретно се спомнуваат 5 верски заедници: Македонската православна црква (МПЦ), Исламската верска заедница во Македонија (ИВЗ), Католичката црква, Еврејската заедница и Евангелистичко-методистичката црква. Пред донесувањето на спомнатиот амандман, во Уставот се спомнуваше само Македонската православна црква „и други верски заедници и групи". Помошта од државата за изградба на верски храмови ја фаворизира доминантната Македонска православна црква.

Владата ги има прогласено за државни празници православните Велигден и Божиќ,и Рамазан Бајрам (кој го одбележува крајот на месецот Рамазан). Другите христијански, исламски ии еврејски празници не се државни празници, туку се од Владата прогласени верски празници за припадниците на соодветната вера.

Законот ги повикува религиозните групи да се регистрираат за да можат да стекнат својство на правно лице и истакнува дека сите (регистрирани) групи се одвоени од државата и еднакви пред законот. Во законот е даден детален опис на документите што барателите на регистрација треба да ги достават , како и опис на процесот за пренесување на регистрациите на групите регистрирани според претходните закони до крајот на 1998 година.

Странците кои доаѓаат во земјата за да се занимаваат со религиозна работа или да извршуваат религиозни обреди мора да добијат одобрение од Државната комисија за односи со верските заедници за да можат да добијат виза. Кога поднесуваат барање за виза, овие лица мора до Комисијата да

достават писмена покана од претставници на регистрирана религиозна организација во државата, по што Комисијата издава писмено одобрение кое треба да се приложи кон образецот на барањето за виза. Комисијата информираше дека процесот на разгледување на барањата трае покусо од една седмица; немаше поплаки од религиозни групи дека процесот на разгледување на барањата траел подолго од она што го наведува Комисијата.

Приватни верски основни училишта не се дозволени според законот, но нема ограничувања за приватни верски училишта во средното и повисоките нивоа на образование, ниту ограничувања во однос на верските образовни активности кои се одвиваат во верски објекти како што се црквите и џамиите. За време на учебната 2008-2009 година, Министерството за образование и наука воведе програма за верско образование за учениците од основните училишта во шестто одделение, при што родителите на учениците требаше да изберат помеѓу предметот „Веронаука" (догматска настава за една религија) и предметот „Историја на религиите " (секуларна настава). На 15.04.2009 година, Уставниот суд одлучи дека предметот „Веронаука" не е во согласност уставната одвоеноста на црквата од државата. Министерството за образование и наука постапи согласно со оваа Одлука на Уставниот суд и ја запре наставата по овој предмет. Со Одлуката на Уставниот суд беше дозволено предметот „Историја на религиите" да продолжи да се предава до крајот на учебната година. На крајот од периодот на кој се однесува овој Извештај, Министерството за образование и наука ги објави своите планови за воведување предмет „Етика на религијата" во учебната 2009/2010 година, и побара од учениците, односно родителите да изберат помеѓу „Историја на религиите" и „Етика на религијата".

## Ограничувања на слободата на вероисповед

Владата генерално ја почитуваше слободата на вероисповед во праксата. Сепак, неуспехот ефективно да се применат новите процедури за регистрација ги оневозможи религиозните групи да се стекнат правен статус.

Во мај 2008 година, Основниот суд Скопје 2 – Скопје ја доби надлежноста за регистрација на религиозни групи согласно со Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група од 2007 година. Законот исто така утврдува јасни рокови за завршување на постапката на регистрација од страна на судот – 15 дена за разгледување дали се доставени сите потребни документи и дополнителни 8 дена за запишување

на групата во соодветниот регистар. Законот бара името и официјалните обележја на секоја нова црква, верска заедница и религиозна група да се разликуваат од називите и официјалните обележја на веќе регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи, но дозволува регистрација на повеќе групи од една иста вера. За постапката на регистрација Основниот суд Скопје 2 задолжи еден судија, кој не ги запазуваше роковите што ги бара законот, поради што многу кандидати за регистрација чекаа со месеци без да добијат информација. Неколку кандидати за регистрација изјавија дека одредбите во законот за аплицирање за регистрација се збунувачки откако добија одлуки од судот со кои се одбива нивното барање поради причини што не се јасно изнесени во списокот на барања содржан во законот, вклучувајќи го и барањето на доказ за државјанство на Република Македонија на „одговорното лице‟ на групата (лице овластено да претставува и застапува црква, верска заедница и религиозна група), како и барањето актот за основање на групата да е со датум по влегувањето во сила на новиот закон. Одговорниот судија и претседателот на судот исто така изјавија дека ќе настојуваат изворите на учењето и богослужбите за новорегистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи да бидат различни од оние на веќе постоечките, очигледно настојувајќи да ја заштитат автономијата на веќе регистрираните групи, што е во спротивност со духот на законот.

За време на периодот на кој се однесува Извештајот, судот ја одобри регистрацијата на два нови кандидати: христијанската црква „Збор на надеж‟ и адвентистичкото реформско движење „Седмиот ден‟, а ги одби или не постапи по барањата за регистрација на 11 верски заедници: Бектешката заедница на Македонија со седиште во Тетово, Христијанската црква „Благовештение‟, Христијанската црква „Оаза‟, Христијанското движење „Нова надеж‟, Црквата на вистинските православни христијани во Македонија, Евангелско-баптистичката црква, Ехлибејтската бектешка заедница на Македонија, Слободната евангелистичка црква „Добра вест‟, Грчката православна архиепископија на пеќскиот патријарх (име што се применува за црквата на Јован Вранишковски која порано се викаше Православна охридска архиепископија, но не повеќе од причина што МПЦ на своето регистрирано име додаде „Охридска архиепископија‟), Кадериска регигиозна група Џенет и Ставропегискиот манастир „Свети Јован Златоуст‟.

Одредени ограничувања поврзани со нејзиниот статус на нерегистрирана група и понатаму се спроведуваат врз „Православната охридска архиепископија‟, којашто ја порекнува

самопрогласената автокефалија на МПЦ (којашто, исто така, не е признаена од другите православни цркви). Водена од расчинетиот епископ на МПЦ Јован Вранишковски, оваа група е призната од страна на Српската православна црква како архиепископија. Членовите на групата се жалат на неоправдано следење или вознемирување од страна на властите поради нивните верски убедувања. На 23.07.2008 и 9-10.02.2009 година, членовите на црквата пријавија задржување на граничните премини во земјата, укажувајќи дека граничарите им рекле дека треба да ги соблечат своите монашки облеки за да им биде олеснето преминувањето на границата.

Помошта од државата за изградба на храмови за богослужба и останати верски објекти ја фаворизира доминантната православна верска заедница. И покрај протестите на невладини и студентски организации кои се спротивставуваат на изградбата на црква на скопскиот плоштад од урбанистички причини и поради начелото на одвоеност на црквата од државата, удирањето темели за православна црква чија изградба требаше да биде финансирана од државата на централниот плоштад во Скопје (договорено на затворена седница на Владата во јануари 2008 година) беше планирано да се изврши во јуни 2009 година. Несогласувањата доживеаја кулминација на 28.03.2009 година, кога дојде до физичка пресметка помеѓу оние кои протестираа против изградбата на црквата и оние кои се „за". Сепак, плановите за удирање темели за црквата не се одложија сè до моментот кога Министерството за култура се откажа од склучување договор за изградба на црквата, изјавувајќи дека единствената понуда на тендерот за изградба на црквата го надминала очекуваниот износ на трошоците. Кон крајот на јуни 2009 година, Владата објави дека ќе ги пренесе правото за користење на земјиштето и проектната документација од Министерството за култура на МПЦ. Невладините организации кои се спротивставуваа на изградбата на црквата објавија планови за оспорување на ваквиот пренос на земјиштето на суд. За разлика од овој случај, реконструкцијата на Чарши џамијата во градот Тетово (за чие финансирање согласност даде Владата на седница една недела по одлуката за финансирање на православната црква) сè уште не е започната на крајот од периодот на кој се однесува овој Извештај, додека апелите од една коалиција на невладини организации кои бараат дозвола за повторна изградба на Бурмали џамијата на скопскиот плоштад останаа неодговорени.

Црквите и џамиите често се градат без градежни дозволи, но Владата најчесто не презема дејства против религиозните групи кои вршат пренамена на постојни објекти за религиозни цели.

Сепак, до крајот на периодот на кој се однесува овој Извештај, Управниот суд сѐ уште немаше постапено по тужбата која во 2007 година ја поднесоа Јеховините сведоци во врска со сопственоста и користењето како сала за состаноци на еден имот близу градот Крива Паланка во североисточна Македонија.

Проблемот со враќањето на имотите на верските заедници кои биле предмет на национализација од страна на властите на поранешна Југославија сѐ уште не е целосно решен. Неколку верски заедници не успеаја да ја повратат во целост сопственоста врз голем број имоти национализирани од страна на комунистичкиот режим. Сопственоста врз речиси сите цркви и врз голем број џамии им е вратена на соодветните верски заедници, но тоа не е случај и со повеќето други имоти. Барањата за враќање на имотите или за добивање обештетување се усложнети од фактот што одземените имоти често ги менувале сопствениците или на такво земјиште биле изградени објекти. Исламската верска заедница на Македонија (ИВЗ) изјави дека не може да поврати во свое владение неколку џамии за коишто Владата се согласила да ѝ ги врати, и укажа дека и покрај ветувањата за целосно враќање на имотите, само 7% од нив ѝ биле вратени досега. Покрај тоа, ИВЗ наведе дека во одредени случаи Владата го одложувала процесот на враќање на имотите преку продажба или започнување изградба на нови објекти на спорно земјиште, како и преку оспорување на историско-законската димензија на барањето на ИВЗ за враќање на имотите. ИВЗ продолжи да остварува средби со владини функционери заради изнаоѓање решенија за имотните прашања.

Нема ништо ново и во однос на судскиот процес што Бектешите го покренаа против Владата во 2002 година поради непоништувањето на национализацијата на дервишкиот комплекс Арабати Баба Теќе во Тетово, извршена од властите на поранешна Југославија. Исто така, нема придвижувања ниту во случајот на тужбата што во 2004 година Бектешката заедница ја поднесе против ИВЗ за тоа што во 2002 година вооружени членови на ИВЗ заседоа дел од Теќето. На крајот од периодот на кој се однесува овој Извештај, состојбата е таква што ИВЗ и понатаму ја зазема спорната површина. Тензиите меѓу Бектешката заедница и ИВЗ доживеаја кулминација во јуни 2009 година, за време на закопот на еден член на Бектешката заедница внатре во комплексот Теќе. ИВЗ го оквалификува закопот како незаконски и се закани дека ќе го отстрани телото на починатиот. Спорот и натаму останува нерешен на крајот од периодот кој е предмет на овој Извештај.

### Злоупотреби на слободата на вероисповед

Служејќи затворска казна одреден дел или за цело време на претходните периоди на кои се однесуваат соодветните извештаи за верските слободи, Јован Вранишковски, лидер на „Православната охридска архиепископија" остана на слобода по неговото пуштање од затвор во април 2007 година. Сепак, властите и натаму одбиваат да му го вратат пасошот на Вранишковски, па така тој остана во странство со својот српски пасош за време на целиот период на кој се однесува овој Извештај. Вранишковски се соочи со наредба за притвор за третото повторно судење за случај за којшто првично беше ослободен од Основниот суд во Велес во 2006 година, со обвинение за проневера на финансиски средства на МПЦ за времето додека бил епископ на МПЦ. Судијата во Основниот суд во Велес побара мислење од група експерти за книговодството на Вранишковски, а неговиот адвокат извести дека на 23.03.2009 година МПЦ се обидела да ѝ презентира дополнителни докази на оваа експертска група. На крајот од периодот на кој се однесува овој Извештај, експертската група сè уште му го нема доставено своето мислење на адвокатот на Вранишковски, а не е закажано ниту повторно судење со оглед на тоа што Вранишковски не беше притворен.

Немаше известувања за случаи на затвореници или притвореници по основ на верски прашања во државата.

### Присилна промена на верата

Немаше известувања за случаи на присилна промена на верата, вклучително ниту за малолетни државјани на САД киднапирани или незаконски одведени надвор од САД или на кои не им било дозволено да бидат вратени во САД.

### Подобрувања и позитивни случувања во почитувањето на верските слободи

Во јануари 2009 година беше завршена изградбата на Спомен-домот на Мајка Тереза во нејзиното родно место Скопје, финансирана од Министерството за култура. Претставници на голем број верски заедници присуствуваа заедно со владини функционери и претставници на меѓународната заедница на церемонијата на отворање на Спомен-домот на 30.01.2009 година.

На крајот од периодот на кој се однесува овој Извештај, Еврејската заедница во Македонија и нејзиниот Меморијален

фонд на холокаустот се блиску до завршување на изградбата на Меморијалниот центар на холокаустот во Скопје, што се финансира со 26,3 милиони US$ (17 милиони евра) врз основа на договорот постигнат со Владата во 2007 година за враќање на имотите на Евреите кои не оставиле потомство.

Дел III. Состојба со почитувањето на верските слободи од страна на општеството

Имаше многу мал број известувања за злоупотреби или дискриминација од страна на општеството засновани на верска припадност, убедување или манифестирање на верата.

**Дел IV. Политика на Владата на САД**

Амбасадорот на САД и други претставници на амбасадата имаа чести средби со владини функционери и претставници на верските заедници на кои разговараа за верските слободи и за поддршка на меѓуетничката и меѓуверската толеранција.

Претставници на амбасадата разговараа во бројни прилики за спроведувањето на Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група од 2007 година со судот надлежен за регистрација и со Владата и верските водачи, застапувајќи се за спроведување на законот на начин којшто ги задоволува меѓународните стандарди во однос на човековите права и верските слободи и којшто ги запазува роковите содржани во законот. Службениците од амбасадата исто така тесно соработуваа со неколку верски групи и заедници коишто се обидуваат да се регистрираат, служејќи како централно место за споделување на информации помеѓу апликантите,исфрустрирани поради доцнењата на судот и збунети поради отсуството на јасни процедури за аплицирање за регистрација.

Во март 2009 година, амбасадата на САД беше спонзор на Меѓународната програма за лидерство за посетители од странство на тема: религиозниот живот и јавната сфера, која опфати широка лепеза од претставници на верски заедници и невладини организации кои ги посетија САД за да се запознаат со односите помеѓу религијата и државата и за улогата на религиозните организации во социјалните програми, преку средби со владини функционери и со претставници на невладини и верски организации.

Во февруари 2009 година, вработени во амбасадата и еден поранешен учесник во студиска посета на САД посветена на

темата „Верската и јавната сфера " реализираа презентација во Американското катче во Тетово насловена како: „Животот на муслиманите во САД", во која беше направен осврт на широк спектар од прашања поврзани со верските слободи и заедницата. Амбасадата исто така беше домаќин на ифтарска вечера на која беа собрани на едно место верски лидери, лидери во заедницата и политички лидери, со цел да се одбележи месецот Рамазан и да се поразговара за предизвиците и успесите во делот на верските слободи во државата. Претставници на амбасадата допреа и до телевизиските гледачи и читателите на весници и списанија преку дадени интервјуа за прашања поврзани со верските слободи, особено фокусирајќи се на обраќањето на претседателот Обама до исламските заедници ширум светот.

Амбасадорот и други претставници на амбасадата учествуваа на разни настани организирани со цел негување и унапредување на верските слободи, толеранцијата и разбирањето, вклучувајќи и настани за одбележување на холокаустот како и на верски празници што ги слават различните верски заедници.